Република Северна Македонија
ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ
„ВЛАДО КАНТАРЏИЕВ“
Бр. 02-447/7
03.02-2026 год.
ГЕВГЕЛИЈА

Врз основа на член 35 став 1 од Законот за административни службеници (Службен весник на РСМ бр.144/25 од 17.7.2025 година), директорот на ООУ Владо Кантарџиев Гевгелија донесува

ОДЛУКА

За избор на кандидат по јавен оглас бр.1179/2025 за вработување на административен службеник

1. За извршител на работно место ОБН 0102 B01001 Советник за општи и нормативни правни работи – Секретар, Одделение за нормативно правни работи, човечки ресурси и општи работи, Сектор за административна служба, се избира кандидатот со идентификациски код 09308D3, Лидија Попова со вкупен број на освоени бодови во сите фази на селекција 73.19.
2. Именуваната ќе биде вработена на работното место под број 1 по конечноста на оваа Одлука, за што ќе се донесе посебно решение за вработување.
3. Оваа одлука стапува на сила во рок од 8 осум дена од денот на објавувањето на истата на веб страната и огласната табла на Агенцијата за администрација

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

На ден 19.12.2025 во дневните весници Слободен печат, Нова Македонија и Коха ООУ Владо Кантарџиев Гевгелија објави оглас бр.1179/2025 за вработување на административен службеник за работно место ОБН 0102 B01001 Советник за општи и нормативни правни работи – Секретар, Одделение за нормативно-правни работи, човечки ресурси и општи работи, Сектор за административна служба.

Со Решение на директорот на Агенција за администрација бр.10-2535/7 од 29.12.2025 година е формирана Комисија за селекција за вработување по јавен оглас. Комисијата за селекција за вработување по јавен оглас бр.1179/2025 на ден 05.01.2026 година изврши административна селекција за административен службеник за што е изготвен Записник бр.10-2535/10-40/1 од 05.01.2026 година.

На ден 22.01.2026 година се спроведе испит за административен службеник и се донесе Записник од спроведениот испит за администативен службеник со архивски број 10-2535/10-40/3 од 22.01.2026 година.

На ден 27.01.2026 година спроведена е проверка на веродостојноста на докази и интервју за административен службеник и се донесе Записник од спроведената проверка на веродостојност на докази и интервју за административен службеник со архивски бр.10-2535/10-40/4 од 27.01.2026 година.

Од донесениот Предлог за вработување на кандидати по јавен оглас бр.1179/2025 со архивски број 10-40/5 од 28.01.2026 година и конечната ранг листа директорот на ООУ Владо Кантарџиев Гевгелија изврши избор како во диспозитивот на оваа Одлука.

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа Одлука незадоволниот кандидат има право да поднесе Жалба до Агенцијата за администрација во рок од 8 осум дена од денот на објавувањето на Одлуката на веб страницата и на огласната табла на Агенцијата за администрација.

Доставено до:

- Агенција за администрација
- Одделение за нормативно правни работи
- Именуваната

ООУ"Владо Кантарџиев"
Гевгелија
Директор

/Ружица Икономова/